**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1594/**

# З А П И С Н И К

**Од 214.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.03.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Анета Андонова-Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ,Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор програмски сервис Драган Николовски-одговорен уредник на Трет програмски сервис МТВ, Дијана Гогова-Атанасова- Одговорен уредник на Петти програмски сервис на МТВ и Мерита Дулатаху- Одговорен уредник на Сателитски сервис МТВ2. |

**214.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 12.00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 213.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година-(МТВ).

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 213.Седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 213.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 213.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 213.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година-(МТВ).**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија на почетокот на своето излагање по оваа точка ги објасни законските рокови за доставување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година до Собранието на РМ заедно со Финанискиот извештај за 2022 година.
Надзорниот одбор на МРТ го разгледале Извештајот како материјал за информирање бидејќи не содржи никакви финансиски параметри.
Потоа излагање по извештајот имаше Анета Андонова Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ која пред присутните истакна дека
МРТ е отворена за граѓаните преку електронската адреса korisnici@mrt.com.mk тв-консументите имаат можност да ги доставуваат своите идеи, забелешки и сугестии. На тој начин директно или индиректно учествуваат во креирањето на програмската шема. Следењето на мислењето и на реакциите на јавноста ја наметна потребата од специјализирани програми наменети за прецизен таргет на публика.Овој предизвик за МРТ,всушност претставува континуитет на улогата и влијанието што го има програмската содржина на Првиот програмски сервис во формирањето на личноста на децата и на младите луѓе и во градењето на нивниот критериум за вистинските вредности.Првиот програмски сервис во 2022 година, со реализирани 320 настани со мобилна техника и со импозантен број часови на домашна продукција ги исполни обврските од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги. Истражувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги забележа пораст на гледаноста на МРТ1.
Снежана Клинчарова посочи дека минатогодишната програма на МТВ1 беше прилично квалитетна и притоа ги издвои новогодишната програма,играната програма „Куќен притвор“, детската програма „Дајте музика“ и многу други програми и покрај проблемите со кој се соочуваат.

Потоа излагање по Извештајот од програмата имаше Мигена Горенца одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ, која објасни кој се програмски содржини се реализирале на Вториот програмски сервис на МТВ.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија со пофалба за повеќето програмски содржини кои се емитуваа на МТВ2 изминатата година, но и со забелешка околу документарната програма која реално не функционира, и за која Програмскиот совет го алармираше Менаџментот на МРТ.

Драган Николовски Одговорен уредник на Трет програмски сервис МТВ ја презентираше спортската програма која се реализира во 2022 година, а која беше обемна и квалитетна и со реализација на нјаголемите спортски светски настани,како што беа Светското првенство во фудбал, Олимпијадата во Катар,Светското првенство во ракомет и сл.

Снежана Клинчарова истакна дека Спортската програма во 2022 година на МТВ беше на светско ниво, и посочи дека Менаџментот на МРТ треба да ги награди вработените во спортската редакција за целиот свој труд за реализација на сите спортски настани и манифестации.

Потоа излагање по Извештајот од програмата имаше Дијана Гогова-Атнасова Одговорен уредник на Петти програмски сервис на МТВ која пред присутните ја презентираше програмата на МРТ5 за минатата година.
Снежана Клинчарова ја пофали програмата на детскиот канал и радува фактот што имаме образовен канал со квалитетни програми.

Марита Дулатаху Одговорен уредник на Сателитски сервис МТВ2 на крај пред присутните членови на советот ја презентираше прогарамата на Сателитскиот сервис на МТВ2 за 2022 година, програма на албански јазик преку сателит како и онлајн програма.

**ТОЧКА 3: Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше утврдено за наредната седница на советот по однос на Извештајот за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година, да се повикаат Одговорните уредници на програмските сервиси во Македонското радио.

Седницата заврши во 13.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател